МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 60 став 5 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија бр. 07/08, 116/10 и 23/13) министерот за земјоделство шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЈАВНИ УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА СТОЧАРСТВОТО, ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА, КАКО ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ДАВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЈАВНИ УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА СТОЧАРСТВОТО, ОДНОСНО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЈАВНИ УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА СТОЧАРСТВОТО

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за овластување за вршење на јавни услуги од областа на сточарството, потребната документација, како формата и содржината на барањето заради недонесување на решение за давање на овластување за вршење на јавни услуги од областа на сточарството, односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на овластување за вршење на јавни услуги од областа на сточарството.

## Член 2

(1) Барањето за овластување за вршење на јавни услуги од областа на сточарството се поднесува на образец на хартија во бела боја со формат А-4, кој е даден во Прилог 1 и е составен дел на овој правилник.

(2) Образецот на барањето од став (1) на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на јавната услуга за која се бара овластување, назив на правното лице- подносител на барањето, адреса и седиште на правното лице- подносител на барањето, ЕМБС на правното лице, презиме и име на одговорното лице во правното лице, контакт телефон, датум и место на поднесување на барањето,потпис на подносителот на барањето и место за печат.

## Член 3

Потребната документација која се поднесува кон барањето од член 1 на овој правилник е следната:

1. Доказ за упис во Централниот регистер на Република Македонија;

2. Доказ за позитивен бонитет;

3. Копија од образецот М1/М2 за вработениот стручен кадар во редовен работен однос кај правниот субјект заверена на нотар и

4. Изјава за соодветна техничка опременост заверена и потпишана од одговорното лице на правниот субјект.

## Член 4

(1) Барањето заради недонесување на решение за давање на овластување за вршење на јавни услуги од областа на сточарството, односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на овластување за вршење на јавни услуги од областа

на сточарството се поднесува на образец: „Барање заради недонесување на решение за давање на овластување за вршење на јавни услуги од областа на сточарството, односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на овластување за вршење на јавни услуги од областа на сточарството" , во формат А-4 во бела боја кој е даден во Прилог 2 и е составен дел на овој правилник.

(2) Образецот на барањето од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице- подносител на барањето, седиште на правното лице- подносител на барањето, краток опис поради што се поднесува барањето, датум и место за потпис на поднесителот на барањето и место за печат.

## Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 08 - 13176/4 | Министер за земјоделство, |
| 25 април 2013 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | Љупчо Димовски, с.р. |

Прилог 1

ДО
Министерството за земјоделство,
шумарство и водостопанство

БАРАЊЕ
за овластување за вршење на јавни услуги од областа на сточарството

Назив на јавната услуга за која се бара овластување

______________________________________________

од ______________________________________________
(назив на правното лице- подносител на барањето)

од ____________ , ______________________________
(град) (адреса и седиште на правното лице- подносител на барањето)

со ____________________ , ______________________
(ЕМБС на правното лице) (презиме и име на одговорното лице во правното лице)

____________________
(контакт телефон)

Датум ____________
Скопје

Подносител на барањето
______________________
с.р

М.П

Прилог 2

ДО
Писарницата на министерот за земјоделство,
шумарство и водостопанство

## БАРАЊЕ

зарадии недонесување на решение за давање на овластување за вршење на јавни услуги од областа на сточарството, односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на овластување за вршење на јавни услуги од областа на сточарството

Од ____________________________________________________________
(назив на правното лице- подносител на барањето)

________________________________________________________________
(седиште на правното лице- подносител на барањето)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам согласно рокот утврден во член 60 став 3 од Законот за сточарството министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство да постапи по барањето за овластување за вршење на јавни услуги од областа на сточарството поднесено под број ______________________ од ______________________ до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, чија копија ви ја доставувам во прилог

Датум и место на поднесување ____________________________

Подносител на барањето ____________________________

М.П.